**Одлука бр.33**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 17.01.2022 година, донесе:

# Одлука

## За определување и начин на бодување на спортистите при пополнување на барањата за даночно ослободување Проект Ваучери за кои се аплицира во Агенцијата за Млади и Спорт во 2022 година

**Член 1**

Управниот одбор на ТФСМ- Скопје го определува и појаснува начинот за пополнување на барањата за даночно ослободување Проект Ваучери за кои се аплицира во Агенцијата за Млади и Спорт.

**Член 2**

Во следната табела е наведен начинот на доделување на бодовите за спортистите дел од критериум 3 од Барањето Б3 на Агенцијата за Млади и Спорт:

| Турнири од календарите на ИТФ (Интернационална Тениска Федерација и Тенис Еуропа (Европска Тениска Федерација) | 30 бода | 15 бода | 10 бода |
|---|---|---|---|
| Теннис Еуропа категории: А, Супер и Прва | 1/4 финале сингл, 1/2 финале двојки | Горна половина на жребот, 1/4 финале двојки | Долна половина на жребот за сингл, 2ро коло двојки |
| Тенис Еуропа 2ра категорија: | Финале сингл | Горна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки | Долна половина на жребот за сингл, 1/4 финале двојки |
| Тенис Еуропа 3та категорија: | | 1/4 финале сингл, финале двојки | Долна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки |
| Тенис Еуропа до 12 години, 2ра категорија: | 1/2 сингл, победник двојки | 1/4 финале сингл, финале двојки | Долна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки |
| ИТФ категории: А, 1ва и 2ра | 1/4 финале сингл, 1/2 финале двојки | Горна половина на жребот | Долна половина на жребот |
| ИТФ 3та категорија | 1/2 финале сингл, финале двојки | Горна половина на жребот | Долна половина на жребот |
| ИТФ 4 и 5 категорија | Финале сингл, победник двојки | Горна половина на жребот, финале двојки | Долна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки |
| Професионални турнири во организација на ИТФ наградни фондови: 15.000, 25.000, 60.000, 80.000, 100.000 американски долари во поединечна конкуренција | 1/4 финале сингл, 1/2 финале двојки | Горна половина на жребот во сингл | Долна половина на жребот, 1/4 финале двојки |

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а се однесува за 2022 година .

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 17.01.2022 година